Врз основа на член 20 од Законот за рамномерен регионален развој на РМ (Службен Весник на РМ бр. 63/2007, 187/2013, 43/2014, 215/2015) Советот за развој на Пелагонискиот плански регион на седницата одржана на 23.02.2016 година усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО 2015 ГОДИНА




**Февруари, 2016 година**

**Битола**

**СОДРЖИНА**

**Резиме........................................................................................................................ 2**

**Вовед.......................................................................................................................... 3**

**Проектно портфолио на ЦРППР за 2015 година................................................................ 5**

**Проекти финансирани во рамките на Програмата за регионален развој на РМ за 2015 година........................................................................................................................ 5**

**Зголемена енергетска ефикасност на објект СОУ Крсте Петков Мисирков, Демир Хисар преку промена на постојна надворешна столарија.................................................. 5**

**Регулирање на коритото на Црна Река и нејзините притоки по течението на општините Демир Хисар, Битола, Новаци и Могила.......................................................... 6**

**Реконструкција и адаптација на делови од регионален зелен пазар во Битола (фаза 1 и фаза 2)................................................................................................................ 7**

**Проширување на функциите на Центрите за развој на планските региони во насока на спроведување на активности/услуги за поддршка на приватниот сектор........................................................................................................................ 9**

**Одобрени проекти во рамките на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.......................................................................................... 11**

**Програма за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија................................................................................................ 12**

**Развиено наследство, вектор на односи и основа за регионален идентитет – акциски план за 2015............................................................................................... 13**

**Регионални денови на културата во Пелагонија............................................................... 14**

**Интегрирана Мрежа за развој на Пелагонискиот регион.................................................. 15**

**Пелагонија ЛЕАДЕР проект.......................................................................................... 16**

**Грантова шема за поддршка на трети страни.................................................................. 18**

**Грантова поддршка од Јапонска Амбасада...................................................................... 20**

**РЕЗИМЕ**

Годишниот извештај за реализацијата на Програмата за развој на Пелагонискиот регион заедно со Годишниот извештај за работењето и Годишните финансиски извештаи на Центарот за развој на Пелагонискиот регион (ЦРППР) претставуваат законски пропишани документи кои оваа институција во утврден рок треба да ги достави до Советот за развој на Пелагонискиот регион (СРППР), кој истите ги разгледува и усвојува а потоа ги доставува до Советите на општините во Пелагонискиот регион и Министерството за локална самоуправа на РМ.

Бидејќи Извештајот за реализацијата на Програмата за развој на Пелагонискиот регион нема законски пропишана форма и содржина, при неговата подготовка тимот на ЦРППР се водеше од принципите на транспарентност, отчетност и лесна достапност на информациите поврзани со активностите за реализација на Програмата за развој на Пелагонискиот регион во 2015 година.

Главната цел на овој Извештај е на основачите на ЦРППР, на сите вклучени во креирањето и имплементацијата на политиките на регионалниот развој на национално и локално ниво, на засегантите страни, на невладиниот, бизнис секторот и на пошироката јавност, им даде јасен увид во иницијативите и активностите кои ЦРППР ги превзеде во изминатата година а кои се насочени кон поцелисходна реализација на Програмата за развој на Пелагонија 2015-2019 година.

Во текот на 2015 година, ЦРППР подготви или учествуваше во подготовката на 21 проектна апликација чија цел е да ја подобрат состојбата во сите развојни приоритети на Пелагонискиот регион: економски развој, туризам, култура, социјален развој, инфраструктура, животна средина, рурален развој, земјоделие. Проектите кои ЦРППР во текот на 2015 ги подготви и/или започна да ги имплементира, а чии основни параметри се дадени подолу во овој документ, се директно поврзани со содржината на Програмата за развој на Пелагонискиот регион и целите, приоритетите, мерките и индикаторите опфатени во неа.

Програмата за развој на регионот кој е највисок регионален стратешки документ и кој е во директна врска со Националната Стратегија за рамномерен регионален развој на РМ 2009-2019 е појдовната точка на ЦРППР при идентификација и развој на проектните активности. За поголема ефикасност при инвестирањето на лимитираните средства и ресурси и во текот на 2015 година беше користена претходно формираната работна група за идентификација на регионални проектни идеи. Насоките и предлозите на работната група ја потврдија врската помеѓу краткорочните и среднорочните приоритети на регионот со генералниот општествен контекст.

**ВОВЕД**

Основната рамка за водење на политиката на рамномерен развој во земјата е дефинирана со Законот за рамномерен регионален развој на РМ кој ги пропишува планските документи за нејзина реализација. Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион е еден од тие документи и се базира на политиката на регионален развој насочена кон развивање и имплементација на полицентричен модел на развој.

Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 - 2019 е подготвена врз основа на Правилникот за методологијата за подготовка на планските документи за регионалниот развој во Република Македонија. Притоа се користени расположливите национални документи од областа на регионалниот развој (Стратегијата за регионален развој на Република Македонија, Законот за рамномерен регионален развој и Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој) и стратешките документи на општините во состав на регионот. Дополнително, подготовката на Програмата опфати директна консултација со сите засегнати страни, пред се, бизнис секторот и невладиниот сектор од регионот како и министерствата кои се дел од Националниот Совет за рамномерен регионален развој.

Спроведувањето на Програмата за развој на Пелагонискиот регион има за цел да обезбеди:

- намалување на диспаритетите во рамките на регионот, во однос на останатите плански региони како и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
- зголемување на конкурентноста на Пелагонискиот плански регион преку надградба на инфраструктурата, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на регионот;
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на Пелагонискиот плански регион, како и негова афирмација и развој;
- развој на подрачјата со специфични потреби и ревитализација на селата;
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локална самоуправа во функција на поттикнување на рамномерниот регионален развој.

Во согласност со принципите на одржлив развој, Програмата поддржува функционирање на локалната демократија и развој на економијата за да се обезбеди подобар стандард на живеење на граѓаните преку рационално искористување на постоечките ресурси. При изработката на Програмата за развој на Пелагониски плански регион 2015–2019 беше утврдена развојната визија:

**Пелагонискиот регион е образовен, културен, туристички, спортски и економски конкурентен регион, со развиена инфраструктура, перспектива за младите и социјална сигурност на населението**

Исполнувањето на крајната цел на развојот на регионот е предвидено да се направи преку следните стратешки цели и приоритети:

<u>Табела 1</u>

| **Стратешки цели** | **Приоритети** |
|---|---|
| Поттикнување на одржлив и рамномерен економски развој на регионот | Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и поттикнување на претприемништвото |
| | Зголемување на инвестициите и извозот. |
| Развој на Пелагонија како конкурентна туристичка дестинација и промоција на регионалниот културен идентитет | Подобрување и збогатување на туристичката понуда на регионот |
| | Унапредување и заштита на културата и културното наследство |
| Унапредување на квалитетот на социјалните и здравствените услуги, спортот и образованието на регионално ниво | Подобрување  на нивото на социјална и здравствена заштита |
| | Поттикнување на современи образовни процеси со практична вредност |
| | Создавање на спортски и натпреварувачки дух кај младата популација во рамки на средното и високото образование |
| Подобрување на меѓусебната и меѓународната поврзаност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и привлекување инвеститори | Подобрување  на енергетската инфраструктура |
| | Подобрување на комуналната инфраструктура |
| | Подобрување на постоечката и изградба на нова сообраќајно-транспортна инфраструктура |

# ПРОЕКТНО ПОРТФОЛИО НА ЦРППР ЗА 2015 ГОДИНА

## ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ ЗА 2015 ГОДИНА

### ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОБЈЕКТ СОУ КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ, ДЕМИР ХИСАР ПРЕКУ ПРОМЕНА НА ПОСТОЈНА НАДВОРЕШНА СТОЛАРИЈА

**Носител на апликацијата**: Центар за развој на Пелагониски плански регион
**Партнери на проектот:** Општина Демир Хисар, Општина Битола, Општина Кривогаштани
**Поднесен до**: Биро за регионален развој на РМ

**Краток опис:** Еден од поголемите проблеми со кој се соочува СОУ Крсте Петков Мисирков во Демир Хисар беше дотраената и нефункционална надворешна столарија. Дотраената надворешна столарија покрај недоволно загреаните простории во кои се школуваат учениците од Демир Хисар и соседните општини, резултираше и со зголемени трошоци за загревање на училишните простории во есенските и зимските месеци од годината.

Со промената на надворешната столарија покрај обезбедувањето на топлинска изолација и сигурност ќе се надмине и проблемот со звучната изолација, навлегувањето на дождовна вода во училишните простории и ќе се зголеми отпорноста на објектот при временски промени и температурни разлики. Со реализацијата на проектот училиштето ќе оствари финансиски заштеди во поглед на потрошувачката на топлинска енергија кои понатаму ќе може да ги инвестира во други капитални зафати со кои дополнително ќе се подобрат условите за учење на сегашните и идните генерации ученици.

**Цел на проектот**: Општата цел на проектот е подобрување на условите за образование во регионот и придонес кон поздрава животна средина.

**Активности на проектот**:
- Истражување на пазарот согласно законот за јавни набавки на РМ
- Објавување на оглас на Бирото за јавни набавки согласно закон за јавни набавки
- Избор на економски оператор и склучување на договор за извршување на работите
- Извршување на градежните работи од страна на економскиот оператор

- Надзор и известување

**Постигнати резултати**:
- Подобрени услови за извршување на настава во СОУ Крсте Петков Мисирков
- Замена на 407м2 надворешна столарија во СОУ Крсте Петков Мисирков
- Заштеда на енергенси потребни за затоплување на училиштето
- Намалена емисија на штетни гасови во атмосферата на ниво на Пелагониски регион

**Статус на проектот заклучно со 23.02.2016:** реализиран

## РЕГУЛИРАЊЕ НА КОРИТОТО НА ЦРНА РЕКА И НЕЈЗИНИТЕ ПРИТОКИ ПО ТЕЧЕНИЕТО НА ОПШТИНИТЕ ДЕМИР ХИСАР, БИТОЛА, НОВАЦИ И МОГИЛА

**Носител на апликацијата:** Центар за развој на Пелагониски плански регион
**Партнери на проектот:** Општина Новаци, Општина Могила, Општина Битола
**Поднесен до:** Биро за регионален развој на РМ

**Краток опис:** Покрај изворите кои се наоѓаат на територијата на Пелагонискиот регион (Општина Демир Хисар), Црна Река течи и низ 5 други Пелагониски општини: Битола, Прилеп, Кривогаштани, Новаци и Могила на повеќе од 3.500 километри квадратни територија. Реката поминува низ повеќе од 75% од територијата на Пелагонискиот регион.

Црна Река заедно со своите притоки, не само поради водениот потенцијал туку и поради непосредната близина до земјоделските површини претставува најголемиот воден ресурс од кој се наводнува целиот јужен дел на Пелагониската котлина. Оттука, водостојот на Црна Река односно регулацијата и уредувањето на коритото на нејзиниот слив претставуваат незаменлив фактор во земјоделската пракса но и константна закана за животната средина и правилната обработка на земјата.

Вдолж текот на Црна Река, утврдени се повеќе критични точки на кои редовно има излевање на водата од реката и поплава на плодно земјоделско земјиште. Штетите се неколкукратни: на краток рок директно се уништуваат засеани земјоделски површини но, уште полошо, на долг рок се врши девастација на земјоделското земјиште и тоа станува неподобно за обрабтока и мелиорација. Излевањето на водата на реката директно го намалува нејзиниот квалитет и по нејзиното враќање во нормалното корито, почвата останува позагадена. Загаденоста на почвата бара нејзино понатамошно третирање (пред идна

обработка) што преку подземните води дополнително враќа штетни материи во надземниот водотек на Црна Река заедно со нејзините притоки.

**Цел на проектот**: Зголемување на заштитата на животната средина во Пелагонискиот регион преку подобрување на состојбата на водните ресурси.

**Активности на проектот**:
- Истражување на пазарот согласно закон за јавни набавки
- Објавување на оглас на Бирото за јавни набавки согласно закон за јавни набавки
- Избор на економски оператор и склучување на договор за извршување на работите
- Извршување на градежните работи од страна на економскиот оператор (регулација на речно корито и речен слив)
- Надзор и известување

**Постигнати резултати**:
- Регулација и партерно уредување на 400 метри речно корито и речен слив
- Подобрени предуслови за намалување на бројот на поплави и излевања на Црна Река и нејзините притоки во Пелагонискиот регион

**Статус на проектот заклучно со 23.02.2016:** реализиран

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ДЕЛОВИ ОД РЕГИОНАЛЕН ЗЕЛЕН ПАЗАР ВО БИТОЛА (фаза 1 и фаза 2)

**Носител на апликацијата:** Центар за развој на Пелагониски плански регион
**Партнери на проектот:** Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила
**Поднесен до:** Биро за рамномерен регионален развој

**Краток опис:** Регионалниот пазар во општина Битола претставува пазар со големо економско значење за Пелагонискиот плански регион. Активностите на проектот предвидуваат изградба и инсталирање на електрика во 6 павиљони како и покривање на просторот помеѓу нив.

Регионалниот Пазар во Битола е локација која жителите и производителите на земјоделски производи од најмалку 4 општини - Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар ја користат како најдобра можност за купување или продавање на своите земјоделски производи односно задоволување на своите секојдневни потреби и развој на своите мали земјоделски бизниси. Согласно со податоците на ЈП

Пазари-Битола, 600 фамилии, односно повеќе од 3000 граѓани од целиот микро-регион егзистираат преку продажбата на своите прозиводи на регионалниот пазар во Битола. Според анализите направени во 2015 година од страна на ЈП Пазари, вкупниот број на продавачи и купувачи достигнува и над 2500 граѓани во пазарен ден додека во непазарен ден таа бројка се движи околу 1000 граѓани. Согласно со анкетите направени од ова јавно претпријатие, продавачите и купувачите на земјоделски производи сметаат дека покривањето на пазарот е неопходно за подобрување на функционирањето на пазарот.

Од страна на ЈП Пазари Битола во изминатите години изградени биле 6 павиљони. Со реализација на овој проект предвидена беше изградба на дополнителни 6 павиљони, покривање на просторот помеѓу нив и нивно осветлување. Со имплементацијата на проектот ќе се овозможи целосно покривање на тезгите на пазарот и зголемување на хигиенските мерки.

Реализацијата на проектот ќе овозможи и заштита на продавачите и купувачите од атмосферски влијанија (дожд, ветер, снег), заштита на производите и нивниот квалитет и ќе создаде услови за зголемена фрекфенција на посетители и економска активност на пазарот, особено во пазарните денови.

**Цел на проектот**: Модернизација на зелениот пазар во Битола и подобрување на условите за трговија на купувачите и продавачите на земјоделски производи на зелениот пазар во Битола.

**Активности на проектот:**
- Истражување на пазарот согласно со Законот за јавни набавки
- Објавување на оглас на Бирото за јавни набавки согласно со Законот за јавни набавки
- Избор на економски оператор и склучување на Договор за извршување на работи
- Извршување на градежни работи
- Надзор и известување

**Очекувани резултати**:
- Модернизација на зелениот пазар во Битола преку изградба, осветлување и покривање на просторот помеѓу 6 нови продажни павиљони
- Раст на вредноста на земјоделското производство и преработувачката индустрија во регионот

**Статус на проектот заклучно со 23.02.2016:** Во фаза на реализација

**ПРОШИРУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА ЦЕНТРИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ВО НАСОКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ/УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

**Носител на апликацијата:** Центар за развој на Пелагониски плански регион
**Поднесен до:** Министерство за локална самоуправа на РМ
**Период на реализација на проектот:** 2015/2016 година

**Краток опис:** Општините во Пелагонискиот плански регион се соочуваат со многу предизвици кога станува збор за локалниот економски развој, особено по однос на потребата од создавање на работни места, обезбедување на поддршка за локалните бизниси и обезбедување на домашни и странски инвестиции. Недостатокот на информации кои им се потребни на потенцијалните странски и домашни инвеститори претставува еден од конкретните предизвици кои треба да се адресираат. Формираниот Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Пелагонискиот плански регион има за цел да помогне и даде поддршка на малите и средни претпријатија за нивниот побрз и динамичен развој преку идентификување на нивните реални потреби, нудење мерки за поддршка, правилно и навремено информирање и зајакнување на капацитетите на новоосnованите компании со што ќе се овозможи развој на компаниите во успешни, одржливи и профитабилни бизниси.

Од почетокот на проектот и работата на новото одделение, реализирани беа следните активности: изработка на Водич за инвестиции, изработка на Збирка на индустриски зони, изработка на Програма за поддршка на приватен сектор, изработка на веб портал www.investinpelagoniaregion.mk и организирање на 4 информативни средби со приватниот сектор за преставување на можностите за финансирање од домашни и странски финансиски инструменти: Македонска Банка за поддршка на развојот, Фонд за иновации и технолошки развој, Хоризонт 2020, Косме и Инструмент за мали и средни претпријатија на ЕУ.

Водичот за инвеститори ќе биде насочен кон подобрување на пристапот до информации за инвестициските можности во општините во регионот и ќе се фокусира на:

- Доставување на потребни и релевантни информации за регионот поврзани со неговите економски, географски карактеристики и законодавство
- Информирање на потенцијалните инвеститори за можностите за финансирање и пристапот до дополнителни извори на финансиски средства
- Едуцирање и информирање на идните инвеститори, како и сопствениците на мали и средни претпријатија но и големи компании, за промените или

развојните бизнис можности кои постојат на локално, регионално и национално ниво.

Изработка на Водичот за инвестиции во Пелагонискиот плански регион е одговор на предизвиците со кои се соочуваат потенцијалите домашни и странски инвеститори. Водичот ќе биде од голема помош посебно на помалите инвеститори како и на инвеститорите во индустрии кои не се предмет на опслужување на технолошко-индустриските развојни зони. Со користењето на Водичот, инвеститорите заинтересирани за инвестиции во Пелагонискиот плански регион ќе имаат можности за реализирање на успешни инвестиции, поттикнати, пред сѐ од конкурентните предности на регионот. Во овој документ, инвеститорите, домашни и странски, ќе добијат систематизиран преглед на релевантните информации за нивните бизнис-инвестициски активности. Водичот ги содржи збирката на индустриски/ТИР/ економски зони, листа со податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој и поддршка на приватниот сектор, листа на промотори и флаер од InvestinMacedonia.

Во рамките на проектот изработена беше и регионална Програма со предлог-акциски план за развој и поддршка на приватниот сектор во Пелагонискиот плански регион (2016 - 2020). Програмата за поддршка на приватниот сектор е изработена во насока на придонес во подобрување на економската положба на компаниите во РМ. Регионалната програма за поддршка на приватнот сектор претставува стратешки документ за работа на Бизнис центарот, за чија цел се изработи и акциски план за целиот програмски период како и акциски план за 2016 година со фокус на агробизнисот.

Дополнително, во рамките на проектот беше изработена и Збирка на индустриски зони во Пелагонискиот плански регион, креирана со цел подобрување на пристапот до податоци, поефикасна размена на информации, промоција на можностите за инвестирање и привлекување на “greenfield” и “brownfield” инвестиции преку добро организирано мапирање на достапните локации. Збирката на индустриски зони ги опишува и прикажува локациите во општинските индустриски зони кои се на располагање за потенцијалните домашни и странски инвеститори. Збирката содржи податоци за секоја зона за вкупната површина, процент на изграденост, сопственост, контакти од општината, расположлива инфраструктура, одалеченост од другите градови, граници, аеродроми, намена на локациите, цена на м2, карактеристики на слободните парцели, мапи, скици и др.

Во рамките на проектот организирани беа настани со претставниците од бизнис секторот кои беа запознаени со националните и ЕУ програми кои нудат поддршка на приватниот сектор и економскиот развој.

**Цел на проектот:** Главна цел на проектот е зголемување на конкуретноста на Пелагонискиот регион преку поддршка на претриемништвото односно малите и средни претпријатија.

**Очекувани резултати:**

- Изработена и одржувана е-база со податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор
- Креиран и публикуван Водич за инвеститори за Пелагонискиот регион
- Подготвена Регионална програма и предлог-акционен за развој и поддршка на приватен сектор во координација со другите ентитети во регионот
- Организирани четири информативни средби со засегнатите страни
- Организиран промотивен настан

**Статус на проектот заклучно со 23.02.2016:** Во фаза на реализација

## ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА

Во рамките на повикот за поддршка на проекти од Програмата за рурален развој на РМ во 2015, Центрите за регионален развој на РМ благодарение на своите изградени капацитети првпат добијаа статус на квалификувани апликанти. Со цел да го подобри руралниот развој на територијата на Пелагонискиот регион, ЦРППР во партнерство со сите општини од регионот подготви и поднесе вкупно 10 предлози во три различни програмски мерки. По завршувањето на процесот на евалуација, сите проектни апликации на ЦРППР беа одобрени за реализација.

Во мерката 321 *Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини* од Програмата за рурален развој, ЦРППР ја поднесе апликацијата *Инвестиции во објекти и опрема за домови за деца и млади и домови на култура во руралните места во Пелагонискиот регион* во чии рамки ќе се реализира адаптација на Дом за деца и млади во село Кравари, ќе се опреми Младински културен центар во населено место Новаци, ќе се уреди и опреми Дом на Култура - отворена сцена во Могила и ќе се реконструира Дом за култура во село Ропотово во општина Долнени.

Во мерката 322 *Обнова и развој на селата* поднесена беше апликацијата *Инвестиции за изградба/реконструкција на плоштади, зелени површини и шеталишта во руралните средини во Пелагонискиот регион* со која ќе се изгради и реконструира плоштадот, шеталиштето и една зелена површина во Ресен, ќе се

реконструира шеталиштето во Демир Хисар, ќе се реконструираат плоштад, пешачки, рекреативни и зелени површини во населеното место Коњари, ќе се реконструира и уреди градскиот парк и плоштад во Крушево и партерно ќе се уреди плоштадот околу општинската зграда во Кривогаштани.

Во рамките на мерката 323 *Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја*, ЦРППР поднесе проект за уредување на излетничко место Сапунџица во атарот на село Ниже Поле. Проектот беше успешно реализиран а резултатите од истиот овозможија целосно осовременување на излетничкото место Сапунџица преку негово збогатување со анимациски содржини за посетителите и негово амбиентално осветлување.

Поконкретно, во рамките на проектот беа реализирани следните активности:

- Комплетно реновирање на чајџилница со поставување на нова дограма, реконструкција на санитарните јазли, поставување на нова кујнска опрема, маси и столици за посетителите, како и компјутерска опрема за непречено работење на објектот
- Изградба на платформа за деца во чии рамки е изграден детски парк за најмладите посетители
- Изградба на 5 платформи за рекреација на посетителите во чии рамки се поставени 2 скари, 48 клупи и 18 чадори кои се наменети за користење од страна на посетителите во текот на пролетниот и летниот период
- Поставено е амбиентално осветлување на изградените платформи со вкупно 45 канделабри како и осветлување по должина на ски патеката со вкупно 20 канделарби со што дополнително се овозможени услови за ноќно скијање.

## ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЦРППР учествува во Програмата за децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија од 2010 година. Во 2015 година ЦРППР учествуваше на редовната годишна средба на сите партнери од двете страни на соработката која се одржа во Скопје на 03/04 ноември. На годишната средба на партнерите на соработката беа сумирани резултатите од досегашните проекти и беа дефинирани оските за развој на соработката во иднина.

Учесници во Програмата се ЦРППР, Мешан Синдикат на областа на заливот Мон Сен Мишел од Долна Нормандија, Асоцијација на Локални агенции АЛДА –Скопје, и Регионот Долна Нормандија. Партнер во реализација на проектните активности од Македонија е Министерство за локална самоуправа а Програмата е

финансиски поддржана од Регионот Долна Нормандија, Француското Министерство за надворешни работи и Асоцијацијата на агенции за локална демократија од Франција.

## РАЗВИЕНО НАСЛЕДСТВО, ВЕКТОР НА ОДНОСИ И ОСНОВА ЗА РЕГИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ – АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2015

Главната активност на соработката помеѓу ЦРППР и Мешаниот Синдикат на Областа на Заливот на Мон Сен Мишел се фокусира кон зајакнување на чувството на идентификација со културното наследство од страна на локалното население и негово ставање во функција на територијалниот развој. Двата региони имаат заедничка историја и историја на аџилак и манастирски – спиритуален туризам. Овој проект ќе овозможи споделување на знаења и искуства и структурирање на понуда за која постои голем туристички потенцијал.

Кај македонската страна, ЦРППР има за цел да ги сензибилизира жителите на Пелагонија за локалното наследство и локалната историја, да се надгради знаењето и да се здружат општините околу заеднички иницијативи кои овозможуваат развој на односите и создавање на нови работни методи. Во рамките на оваа иницијатива се работеше на евалуацијата на заедничкото и автентично наследство за да се развие регионалниот идентитет во Пелагонија.

Уште една заедничка област за работа во рамките на овој проект е фокусирањето на откривање и приближување на културното наследство преку употреба на дигитална технологија и негово ставање во функција на туризмот.

**Цели на проектот:**

- Развој на регионалниот идентитет на жителите од Пелагонија
- Развивање и промоција на нови туристички понуди
- Креирање на односи помеѓу локалното население, локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор
- Зајакнување на капацитетите на локалното население за локалната историја и локалната култура
- Промоција на вредноста на наследството и културата и нивната улога во привлечноста на една територија

**Активности на проектот:**

- Заеднички процес на креација и промоција на туристички производи
- Изработка на дигитална апликација за 4 обележани планински патеки кон манастирите на Баба Планина

- Подготовка и реализација на Регионални денови на Културата во Пелагонија 2015

**Очекувани резултати од проектот:**

- Размена на искуства и знаења за искористување на историското и културното наследство во функција на развојот на туризмот
- Изработена тријазична дигитална алатка – мобилна апликација за патеките кон црквите и манастирите на Баба планина
- Промоција на вклучувањето на локалното население и сите релевантни чинители во процесот на развој на туризмот.

Со цел зголемување на учеството на Пелагонискиот регион во Децентрализираната како партнер во соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија, ЦРППР во соработка со Францусската алијанса од Битола започна со изучување на францускиот јазик за професионални потреби. Во мај 2015 година претставниците на ЦРППР го совладаа првото ниво на курсот односно со полагањна DELF1 испитот се здобија со интернационално признат сертификат за познавање на францускиот јазик.

## РЕГИОНАЛНИ ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА ВО ПЕЛАГОНИЈА

Во рамките на оваа културна манифестација од 15 до 30 октомври 2015 година во сите 9 Пелагониски општини, ЦРППР и Мрежата за развој на културата во Пелагонија организираа 10 културни настани од различен вид.

Регионалните денови на културата беа отворени на 15.10.2015 во Битола со перформансот Sur Le Vif на театарската асоцијација Лолита Еспин Анадон од Долна Нормандија. И во Битола и во Прилеп публиката имаше можност да проследи перформанс на модерен уметнички израз - спој меѓу пантомима и танц од Долна Нормандија, Р. Франција. Во општините Демир Хисар, Могила, Кривогаштани и Долнени акцентот беше ставен на анимирање на детската публика па најмладите од овие 4 општини ја проследија претставата *Вреќа полна желби* на детскиот театар Бабец од Битола. Пред ресенската публика настапи Интимниот театар од Битола со комедијата *Катастрофа*, додека пак крушевската публика имаше можност да помине вечер со станд ап комедија на Никола Тодороски. Во рамките на манифестацијата Регионални денови на културата во Пелагонија, Францусската Алијанса од Битола организираше изложба по повод месецот на книгата во Франција *lire en fête - читај и забавувај се*, преку која учениците што го изучуваат францускиот јазик и култура имаа можност да ја изразат својата креативност. На 30.10.2015 година во општинската сала на

Општина новаци, со целовечерен концерт на КУД Илинден и КУД Новаци беа затворени третите по ред Регионални денови на културата во Пелагонија.

## ИНТЕГРИРАНА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Носител на апликација:** Центар за развој на Пелагониски плански регион
**Поднесен до**: УНДП – Програмата за развој на Обединетите нации
**Период на реализација на проектот**: 2014/2016

Интегрираната мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион (ИМРР) е иницијатива предводена од страна на ЦРППР, 9-те општини од Пелагонискиот плански регион, регионалните стопански и занаетчиски комори, локалните акциони групи, претставници на Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола и граѓанскиот сектор во Пелагонија.

ИМРР беше формално воспоставена на почетокот на 2015 година со поддршка обезбедена од страна на Министерството за локална самоуправа и канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Скопје. Интегрираната мрежа е формирана врз основа на одлуките за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесени од страна на сите девет општини во регионот. Формирањето на ИМРР е во согласност со целите и активностите на петгодишната Програма за развој на Пелагонискиот плански регион и тригодишниот Акциски план за имплементација на Националната стратегија за рамномерен регионален развој.

Целта на ИМРР е подобрување на соработката помеѓу приватниот, јавниот и невладиниот сектор и зајакнување на кооординацијата помеѓу овие сектори во имплементирањето на активности наменети за развој на регионот, подобрување на економијата на регионот и зајакнување на нејзините конкурентски вредности. Во рамките на ИМРР се интегрирани веќе постоечките мрежи кои ЦРППР ги координира - мрежа за развој на културата во Пелагонија, мрежа за развој на руралните средини, мрежа за развој на туризмот во Пелагонија и мрежа на експерти за идентификација на регионални проекти.

ИМРР брои 21 членка од јавниот, бизнис, невладиниот и образовниот сектор и тоа: единиците на локална самоуправа од Пелагонискиот регион, ЦРППР, Универзитетот Св. Климент Охридски–Битола, Регионалната Стопанска Комора од Битола, Регионалната Стопанска Комора од Прилеп, Занаетчиската комора од Битола, Занаетчиска комора од Прилеп, Фондацијата ПЕЛАГОНИЈА-ПРЕДА, Федерација на Фармери на РМ, Здружение за одржлив и урбан развој

архитектура и амбиент АРХАМ, локалната акциона група Пелагонија, локалната акциона група Преспа и локалната акциона група Агро-Лидер.

Во текот на 2015 година, ИМРР ги реализираше следните активности: формално воспоставување на ИМРР во Пелагонискиот регион, изработка на Програма за работа на ИМРР за 2016-2018 година, изработка на Акциски план за работа на ИМРР за 2016-2017 година, одржување на два промотивни настани за искористување на националните и меѓународните инструменти наменети за бизнис секторот, спроведување на бизнис кампања за поголема вклученост на бизнис заедницата во Пелагонискиот регион и надградба на веб страната www.pelagonijabiznis.mk на која се промовираат бизнис можностите во Пелагонискиот регион.

Согласно изработената Програма за работа, следните 3 области ќе бидат приоритет во работата на ИМРР: економско опкружување-зајакнување на економското окружување и состојбата со пазарот на трудот во Пелагонискиот плански регион, социјално опкружување-градење на капацитети за развој и испорака на услуги во делот на социјалното опкружување на регионот и животна средина - унапредување на условите за заштита на животната средина.

## ПЕЛАГОНИЈА ЛЕАДЕР ПРОЕКТ

ПеЛАГонија ЛЕАДЕР проектот кој ЦРППР го спроведува со поддршка на проектот на УСАИД за експанзија на мали бизниси имплементиран од Карана Корпорација, ја заврши својата трета година на имплементација. По успешно спроведените активности во првата и втората година во имплементирањето на ЛЕАДЕР пристапот, ЦРППР и партнерите во третата година од реализацијата пристапија кон реализација на следните активности:

Отворање на кацеларии на ЛАГ-овите. Канцелариите за техничка и логистичка поддршка на работата на регистрираните ЛАГ-ови беа обезбедени од општините Ресен, Кривогаштани и Новаци а опремени од проектот за експанзија на мали бизниси. На свеченото отворање на канцелариите беа присутни донаторите на проектот со високи претставници од нивните амбасади - Заменик Директорот на мисијата на Швајцарската развојна Агенција, г-ѓа Катарина Штокер и Директорот на мисијата на УСАИД во РМ г-дин Џејмс Стајн, имплементаторите на проектот, дел од Градоначалниците во Пелагонискиот регион, претставници од УСАИД Проектот за експанзија на мали бизниси и членовите на самите ЛАГ-ови. Со цел поголема ефикасност на работењето и функционирањето на локалните акциони

групи, нивните канцеларии беа опремени и со техничка опрема–компјутери и печатачи како и со канцелариски инвентар.

Изработка на лого и веб страни за ЛАГ-овите. Со цел зголемување на транспарентноста и видливоста на работата на ЛАГ-вите во Пелагонија како и за промоција на постигнатите резултати, проектот поддржа изработка на визуелен идентитет и двојазични веб страни за секој од трите ЛАГ-ови. Веб страните www.lagprespa.mk, www.lagagrolider.mk и www.lagpelagonija.mk во иднина ќе послужат и како алатка за вмрежување со домашни и интернационални локални акциони групи односно за реализација на развојни активности на пелагониските ЛАГ-ови согласно претходно подготвените стратегии за рурален развој.

Опремување на сушара за сушење на лековити и ароматични билки. Во рамките на проектот, сушара за лековити билки и растенија беше опремена и ставена во функција на територијата на ЛАГ Агролидер. Со сушарата ќе управува земјоделската задруга Органик Агро Фарма од Прилеп а во неа ќе бидат сушени и обработувани билки кои потоа ќе се откупуваат, пакуваат и продаваат од страна на домашна билна компанија.

Целта која се постигна со опремувањето на сушарата беше поттикнување и едукација на земјоделците во Пелагонискиот регион за култивирање на билки и ароматични растенија односно зајакнување на вредоносниот ланец во државата за производство и преработка на ароматични и лековити билки.

Средби со ЛАГ-ови и техничка поддршка. Во текот на 2015 година, ЦРППР обезбеди техничка и логистичка поддршка за подобрување на работата на ЛАГ-овите. Со таа цел, организирани беа средби за вмрежување со исти или сродни институции на национално ниво, други локални акциони групи од РМ и ЕУ, беа организирани состаноци со администрацијата на ЛАГ-овите за подготовка на проектни апликации за домашни и интернационални фондови и на дневна основа беа споделувани релевантни информации поврзани со работењето и развојот на овие институции.

Поддршка на пилот проекти. Во периодот од март до јуни 2016 година, во рамките на проектот, ќе бидат поддржани три пилот проекти кои ќе претставуваат симулација на идентификување и имплементирање на проекти според ЕУ ЛЕАДЕР принципите. Проектите ќе имаат крајна цел да придонесат во поттикнување на економскиот развој на руралните средини во регионот. Стратешки, содржински и технички, пилот проектите ќе бидат подготвени од администрацијата на локалните акциони групи со поддршка на ЦРППР.

Со сето претходно направено, пред ЛАГ-овите, како структури составени од јавен, приватен и граѓански сектор, претстои процес на имплементација на проекти за подобрување на условите за живот во руралните средини, користејќи пред се, финансиски средства од ИПАРД програмата (мерка 202), од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој на РМ (мерка 411, 431) а со крајна цел реализација на стратегиите за локален развој на руралните средини.

И во текот на 2015 година, ЦРППР и Проектот за експанзија на мали бизниси ја продолжија својата соработка на полето на развојот на туризмот. Проектните партнери во текот на 2015 година ги фокусираа своите напори кон подобрување на туристичката понуда на Пелагонија преку развивање, поддршка и промоција на авантуристичките форми на туризам за чиј развој регионот има огромен потенцијал.

Откријте ја Пелагонија. Со цел обединување на мапираните културни, спортски и сродни видови на манифестации во Пелагонискиот регион во соработка со чинителите од регионот односно Платформата за развој на туризмот во Пелагонија, ЦРППР организираше промотивен настан - Месец на авантура во Пелагонија. Во месецот на авантурата - Откриј ја Пелагонија кој се одржа од 12.09.2015 до 12.10.2015 година офатени беа сите 9 општини од Пелагонискиот регион.

Отворањето на месецот на авантура се случи во с. Стење, Ресен, каде за време на два дена од викенд, повеќе од 3.000 гости од цела Македонија уживаа во кампување на новоизградените плажи покрај Преспанското Езеро, трки во планински и друмски велосипедизам, рекреативен болдеринг, трка во планинско трчање, тандем параглајдинг од Галичица и дегустација на многу специјалитети од локалната кујна на преспанското крајбрежје.

За време на месецот на авантура во другите Пелагониски општини беа реализирани планинарски марш на Кајмакчалан, тура со планински велосипеди низ Крушевската корија, мото тура во Новаци, ултра маратони во планинско трчање околу Прилеп, државно првенство во мото крос во Битола, национална тракторијада во Могила, велосипедска тура во Прилеп и Мариово и Прилеп Опен - параглајдинг натпревар.

## ГРАНТОВА ШЕМА ЗА ПОДДРШКА НА ТРЕТИ СТРАНИ

По успешната реализација на Грантовата шема за поддршка на Пелагонија, ЦРППР ја продолжи соработката со Програмата за регионален економски развој во РМ (ГИЗ РЕД) преку втората грантова шема за поддршка на трети страни која

беше кофинансирана од ГИЗ РЕД, Делегацијата на Европска Унија во РМ и СРППР.

По сеопфатен и транспарентен процес на идентификација на проектни идеи од регионален карактер согласно критериумите на донаторите и објавениот повик, Советот за развој на Пелагонискиот регион одлучи да учествува на овој повик со проект за развивање на туристичките потенцијали на регионот – Студија за развој на Пелагонија како дестинација за авантуристички туризам.

**Цел на проектот:** Развој на Пелагонија како компетитивна дестинација за авантуристички туризам преку развој и промоција на регионален авантуристички туристички производ.

**Проектни активности:**
- Подготовка на Студија за развој на Пелагонискиот регион како дестинација за авантуристички туризам
- Изработка на визуелен идентитет за развој на Пелагонискиот регион како дестинација за авантуристички туризам
- Студиско патување за градење на капацитетите за развој и управување на Пелагонија како дестинација за авантуристички туризам

**Постигнати резултати:**
- Пелагонискиот регион има конкурентна и одржлива понуда за авантуристички туризам
- Релевантните чинители за развој на туризмот во Пелагонија се подготвени за регионалниот настан за поврзување за развој на авантуристичкиот туризам на Светска Асоцијација за авантуристички туризам
- Носителите на одлуки поврзани со развојот на туризмот во регионот имаат зајакнати капацитети за управување со Пелагонија како дестинација за авантуристички туризам.

**Статус на проектот заклучно со 23.02.2016 година:** реализиран

Соработката со Германското друштво за меѓународна соработка се прошири и преку директна вклученост на ЦРППР како корисник на резултатите и засегната страна во проектот *Балканска планинска авантура*. Во рамките на овој проект, три региони од РМ, вклучително и Пелагонискиот, добија нови и функционални меѓународни туристички производи, платформа на чинители на планинскиот туристички производ во РМ, веб страна www.balkanhikingadventure.com, мобилна апликација, мапи, брошури, повеќе од 200 киломтери обележани планински патеки и 15 обучени водичи во планина по ЕУ стандарди.

## ГРАНТОВА ПОДДРШКА ОД ЈАПОНСКА АМБАСАДА

И во текот на 2015 година ЦРППР продолжи со успешната соработка со Канцеларијата за врски на Јапонската амбасада во Скопје. На почетокот на 2015 година, општина Демир Хисар со стручна помош од ЦРППР од развојните фондови на Јапонската Влада обезбеди ново противпожарно возило кои ќе се користи од страна на Територијалната противпожарна единица на оваа општина.

Во текот на минатата година а поврзано со повикот на Јапонска амбасада во 2016 година, ЦРППР асистираше во подготовката на два проекти, едниот поднесен од општина Кривогаштани а другиот од општина Долнени. Проектната апликација на Кривогаштани беше позитивно оценета и во текот на 2016 година оваа општина ќе се опреми со ново возило за собирање на сметот од сите населени места на територијата на општината.

**Д-р Ѓоко Стрезовски**

**Претседател на Совет за развој на**
**Пелагониски плански регион**